Врз основа на член член 34 од Статутот на Лотарија на Македонија АД Скопје, а во согласност со 383 став 1 т.8, 478, 479 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на ден 21.05.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на овластен ревизор за 2026 година**

1. **Се овластува** ревизорската куќа ПЕЦЕВ Ревизија ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650 со седиште на Ул. Дрезденска бр.52 Скопје, да врши ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година, и Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година.
2. Овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука врши ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година, и Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година и подготвува Извештај за извршената ревизија според Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија.
3. Се овластува Генералниот извршен директор на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје да го потпише Договорот со овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е :**

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02- 886/11**
**21.05.2026 година**
**Скопје**

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач**
**Елена Спиреска – Кочевска**

--------------------------------